| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | **Наслов на наставниот предмет** | **Претпријатие** | | | |
| 2. | **Код** | 50835 | | | |
| 3. | **Студиска програма** | Деловно право | | | |
| 4. | **Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)** | Правен факулет „Јустинијан Први“ – Скопје<br>Универзитет “Св. Кирил и Методиј“ Скопје | | | |
| 5. | **Степен (прв, втор, трет)** | Втор циклус | | | |
| 6. | **Академска година/семестар** | Втора година, трет семестар | **7.** | **Број на ЕКТС кредити** | 6 |
| 8. | **Наставник** | проф.д-р. Димитар Гелев<br>доц.д-р. Биљана Петревска | | | |
| 9. | **Предуслови за запишување на предметот** | нема | | | |
| 10. | **Цели на предметната програма (компетенции):** | | | | |

Цел на предметната програма по Претпријатир е да им овозможи на студентите да се стекнат со продлабочени знаења за посебните начини на организирање на стопанските активности и со специфични вештини за примена на ова право во практиката. Претпријатието претставува генерален теориски термин што ги опфаќа сите форми на организација на трговците. Предметот треба да ги анализира сите аспекти на претпријатието и претприемништвото и да го поттикне претприемничкиот дух на студентите.

Посебни задачи на оваа програма се:

- да ги оспособи студентите самостојно да ги идентификуваат и критички да ги анализираат основните институти на правото за претпријатијата.
- да развива вештини за примена на стекнатите знаења во практиката во врска со претпријатијата и претприемништвото.
- студентите да ги разберат теоретските основи на функционирањето на претпријатието.
- студентите да бидат во состојба да ги применуваат методите и техниките на економска анализа со чија помош се мери успешноста на работењето на претпријатието.
- студентите да бидат во состојба по завршување на факултетот да се вклучат во приватниот сектор со отварање на свои мали претпријатија.

За остварување на овие цели и задачи предметната програма по претпријатија ќе ги обработи теоретските аспекти на правото со кое се регулираат претпријатијата, а потоа ќе се фокусира на практичната примената на правните правила со кои се регулира оваа материја.

По завршувањето на ова предметна програма студентите:

| | |
|---|---|
| | - ќе можат самостојно да ги истражуваат институтите на претпријатијата од теориски аспект, начините на нивно нормативно обликување и конкретизација и примената во практиката. |
| **11.** | **Содржина на предметната програма:** |
| | Предметната програма се состои од 11 дела. Во фокусот на нејзиниот интерес и проучување се процесите кои се значајни за сите претпријатија. Имено, конкретната економска стварност на претпријатието ја набљудуваме од еден специфичен агол со цел изнаоѓање на законитостите на неговото функционирање и развиток. Притоа, основна задача на овој предмет е да се прикажат сите активности во секојдневното работење на претпријатието, со цел со минимално ангажирање и трошење на инпутите да се остварат максимални резултати. Овој процес е придружен со солидно познавање и на даночниот систем и секако на билансната евиденција на активностите на претпријатието во секојдневното работење. Применувајќи ваков пристап, се надеваме дека студентите ќе се запознаат не само со теоретските основи на функционирањето на претпријатието,туку ќе научат и да ги применуваат методите и техниките на економска анализа со чија помош се мери успешноста на работењето на претпријатието.<br>Првиот дел го проучува претпријатието како основен субјект на пазарното работење. Тука се анализира општиот поим за претпријатието, т.е. се дефинира претпријатието и се објаснуваат неговите карактеристики. Заради подобро разбирање на генезата на поимот претпријатие, се врши разграничување помеѓу претпријатието, претприемачот и претприемништвото, и се проучува положбата на претпријатијата во македонската економија. Оваа глава на крајот завршува со прашањата поврзани со основните услови за основање на претпријатието како и со посочување на предностите и слабостите намалите, средните и големите претпријатија.<br>Вториот дел ја анализира проблематиката поврзана со управувањето со средствата на претпријатието. Задача на овој дел е да ги проучи одделните видови на средства и да се прикаже начинот на нивното вреднување. Во рамките на оваа глава се објаснуваат и начинот на пресметување на амортизацијата на постојаните средства како и начинот на мерење на искористеноста на капацитетот на постојаните средства. По анализирањето на одделните видови на обртни средства, се објаснува и начинот на пресметка на коефициентите на обрнување на обртните средства. На крајот од оваа глава се објаснува пасивната страна од билансот на претпријатието, т.е. одделните видови на извори на средства.<br>Во третиот дел е извршена анализа на трошоците и калкулациите на претпријатието. Имено, се проучуваат сите видови на трошоци групирани според различни критериуми, понатаму посебно внимаие се посветува на односот меѓу трошоците и приходите, и се објаснуваат разните методи за пресметка на трошоците, односно за утврдување на цената на чинење на производите. Трошоците се неодминливо подрачје на работењето на претпријатието и оттаму на крајот од оваа глава се објаснува нивната улога во водењето на деловната политика на претпријатието.<br>Четвртиот дел ја објаснува временската рамка на сметководственото планирање во претпријатието. Во неа се осознава комплексот на сите планови кои го сочинуваат целокупното сметководствено планирање, и има интенција да ги научи студентите како се изготвуваат поединечните планови и нивните |

| | |
|---|---|
| | придружни прегледи, почнувајќи од планот за набавка, планот за производство, планот на потрошувачка на директните материјали, планот на директните плати, планот на општите трошоци на производството, планот на залихите на крајот на годината, планот на цената на чинењето по единица производ, планот на трошоците на продажните активности и на административните трошоци и планот на цената на чинењето на реализираните готови производи.<br>Петиот дел ја објаснува корисноста на финансиските извештаи кои треба да ги изготвуваат претпријатијата. Имено, таа ги објаснува билансот на состојба, билансот на успех, извештајот на акумулирана добивка, и извештајот за паричните текови. На крајот од оваа глава се прикажуваат начините на кои се пресметуваат аналитичките показатели кои се применуваат врз основа на финансиските извештаи.<br>Шестиот дел ја анализира законската обврска со која се соочуваат сите претпријатија кон државата во која работат, а тоа е плаќањето на даноците. Оттаму, во рамките на оваа глава ќе ги проучиме одделните видови на даноци, и тоа: директните даноци: персонален данок на доход и данок на добивка, индиректните даноци: данок на додадена вредност и акцизи, како и даноците на имот: данок на имот, данок на наследство и подарок, и данок на промет со недвижности.<br>Седмиот дел е посветена на царинскиот систем на Република Македонија, и во неа ги анализираме царините.<br>Осмиот дел го анализира надворешно-трговскиот систем, и неговите три форми, и тоа: слободен извоз и увоз, режим на дозвола, и режим на согласност. На крајот од оваа глава се објаснуваат заштитните мерки при увозот.<br>Деветиот дел го анализира платниот систем во Македонија. Најпрвин се објаснува начинот на функционирање на платниот промет, потоа се анализираат МИПС, КИБС, и КаСИС, за да на крајот од оваа глава практично се анализираат документите кои се применуваат во платниот промет.<br>Во десетиот дел се објаснуваат 13-те области на делување на Европската комисија во областа на подобрување на деловната средина за мали и средни претпријатија, а тоа се: поедноставување на процедурите за отпочнување на бизнисот; регулаторни (административни) ограничувања; даночен систем; сметководствени системи; јавни набавки; олеснување на трансферот на бизнисите; обуки и мобилност; менаџерски вештини; втора кариера; регрутирање на прв вработен; можности за акции на вработените; неуспех и нов почеток; и заеднички почетни датуми.<br>Во единаесетиот дел се анализираат две прашања кои се однесуваат за помошта на малите и средните претпријатија во пристапот кон нови пазари, а тоа се: промоцијата на интернационалните активности на малите и средни претпријатија, и стандардизацијата.<br>И, на крајот последната недела е предвидена за вежби – презентација на трудовите на студентитеи подготовки за спроведување на испитот. |

| | | |
|---|---|---|
| **д12.** | **Методи на учење:** | Материјата е поделена во 12 тематски единици Во рамките на секоја тематска единица прашањата ќе се анализираат од теоретски и од практичен аспект. Студентите ќе бидат поттикнувани за самостојна и тимска |

| | | |
|---|---|---|
| | | истражувачка работа, менторирана од предметните наставници, која што ќе им овозможи продлабочени знаења и развој на вештини<br>Во предавањата ќе се користат различни техники на работа, вклучително Power Point презентации, индивидуални и групни презентации од студентите како и заеднички дискусии. Предавањата ќе бидат интерактивни, а се очекува и ангажираност на студентите од аспект на истражување на одредени теми во и вон материјалот кои можат да бидат презентирани во договор со предметниот професор. Задачите за секоја наредна недела (каде е можно и порано) ќе бидат однапред назначувани со цел студентите да имаат доволно време да се подготват.<br>Од студентите се очекува да развијат истражувачки и аналитички вештини, но и да аплицираат презентерски вештини на час.<br>Што се однесува до задолжителната литература студентите ќе добијат соодветни материјали што ќе мора да ги прочитаат. Што се однесува до литературата која студентите ќе мора да ја совладаат како испитна литература, таа ќе биде потесна од онаа што е предвидена за читање во согласност со ЕКТС стандардите (до 330 страни).<br>Дополнителната литертура ке им помогне на студентите кои имаат интерес да ги продлабочат своите знаења како и за изработка на магистерски тези. |
| **13.** | **Вкупен расположлив фонд на време** | 6 ЕКТС = 150 часа |
| **14.** | **Распределба на расположливото време** | 52,5+0+17,5+0+80 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **15.** | **Форми на наставните активности** | 15.1 | Предавања – теоретска настава | 52,5 |
| | | 15.2 | Вежби (лабораториски, аудиториски), | 0 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | семинари, тимска работа | |
| **16.** | **Други форми на активности** | 16.1 | Проектни задачи | 17,5 |
| | | 16.2 | Самостојни задачи | 0 |
| | | 16.3 | Домашно учење | 80 |
| **17.** | **Начин на оценување** | | | |
| | **17.1** | **Тестови/завршен испит** | | 70 бода |
| | **17.2** | **Семинарска работа / проект (презентација: писмена и усна)** | | 20 бода |
| | **17.3** | **Активност и учество** | | 10 бода |
| **18.** | **Критериуми за оценување (бодови / оценка)** | до 51 бода | | 5 (пет) (F) |
| | | од 51 до 60 бода | | 6 (шест) (E) |
| | | од 61 до 70 бода | | 7 (седум) (D) |
| | | од 71 до 80 бода | | 8 (осум) (C) |
| | | од 81 до 90 бода | | 9 (девет) (B) |
| | | од 91 до 100 бода | | 10 (десет) (A) |
| **19.** | **Услов за потпис и полагање на завршен испит** | Реализирани активности 16.1, 16.2, 16.3 | | |
| **20.** | **Јазик на кој се изведува наставата** | Македонски јазик/Англиски јазик | | |
| **21.** | **Метод на следење на квалитетот на наставата** | Евалуација и самоевалуација | | |
| **22.** | **Литература** | | | |
| | **22.1** | **Задолжителна литература** | | |

| **Р. бр.** | **Автор** | **Наслов** | **Издавач** | **Година** |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | проф.д-р Милан Недков, проф.д-р Тито Беличанец, проф. д-р Елена Градишки – Лазаревска | Право на друштвата | Правен факултет “Јустинијан Први“, УКИМ, Скопје | 2009 |
| **2.** | проф.д-р Милан Недков, проф.д- | Право на друштвата, книга втора | Проект за деловно | 2008 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | р Тито Беличанец | | окружување на УСАИД | |
| | 3. | | Закон за трговските друштва | Службен весник на Република Македонија | 28/2004, 84/2005, 25/2007, 87/2008, 42/2010, 48/2010, 24/2011, 166/2012, 70/2013, 119/2013, 120/2013, 187/2013, 38/2014, 41/2014, 138/2014, 88/2015, 192/2015, 6/2016, 30/2016, 61/2016 |
| | 4. | | Разни прописи од сфераата на даноците, царините, нафворешно-трговското работење | | |
| **22.2** | **Дополнителна литература** | | | | |
| | **Р. бр.** | **Автор** | **Наслов** | **Издавач** | **Година** |
| | **1.** | Kobetsky M. | International Taxation of Permanent Establishments | Cambridge University Press | 2011 |
| | **2.** | Paul Sweeting | Financial Enterprise Risk Management | Cambridge University Press | 2011 |
| | **3.** | Lawrence Gitman | Personal Financial Planning | South-Western Publishers | 2016 |